# ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
# за 2025 година



**Предлагач: Градоначалник на Општина Центар-Скопје**
**Д-р Горан Герасимовски**

**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

**февруари 2026, Скопје**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2025 година го сочинува:

I. Годишна - Завршна сметка
   Образложение за Годишната сметка
II. Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, капиталните и блок-дотациите
III. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
IV. Годишен извештај за користењето на резервите
V. Извештај за состојбата на жиро-сметките заклучно со 31.12.2025 година
VI. Извештај од одговорниот сметководител



# I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ГОДИШНАТА (ЗАВРШНАТА) СМЕТКА

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22; 170/24 и 37/25), општините имаат обврска да подготват и да достават Годишна сметка (Завршна сметка) за извршувањето на Буџетот на Општината.

**Во Годишната (завршната) сметка на Општината се прикажани вкупните планирани приходи и расходи на годишно ниво и нивната реализација за периодот од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година.** Во овој фискален период се остварени приходи и други приливи и реализирани се расходи и други одливи, како што следува подолу:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | Потрошен вишок на приходи од претходни години | Реализирани расходи |
|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 1.143.610.000 | 871.021.357 | 0 | 812.473.299 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 66.200.000 | 48.293.107 | 0 | 46.713.692 |
| Буџет на дотации | 552.761.000 | 550.330.112 | 167.172 | 550.497.284 |
| Буџет на донации | 14.997.628 | 5.375.314 | 531.640 | 5.906.954 |
| Буџет на кредити | 8.234.512 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.785.803.140** | **1.475.019.890** | **698.812** | **1.415.591.229** |

**Вкупните приходи** се остварени во износ од **1.475.718.702,00** денари, што претставува остварување од 82,64% во однос на вкупниот план за 2024 година.

**Вкупните расходи** се остварени во износ од **1.415.591.229,00** денари, што претставува остварување од 79,27% во однос на вкупниот план за 2025 година.



## 1. ПРИХОДИ

Од вкупно планираните приходи во износ од 1.785.803.140,00 денари, во периодот од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година реализирани се **1.475.718.702,00** денари , што претставува 82,64% во однос на планираното, и тоа:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 1.143.610.000 | 871.021.357 | 76,16% | 59,02% |
| Буџет на самофинансирачки активности | 66.200.000 | 48.293.107 | 72,95% | 3,27% |
| Буџет на дотации | 552.761.000 | 550.330.112 | 99,56% | 37,30% |
| Буџет на донации | 14.997.628 | 5.375.314 | 35,84% | 0,36% |
| Буџет на кредити | 8.234.512 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.785.803.140** | **1.475.019.890** | **82,60%** | **99,95%** |
| Потрошен вишок на приходи од претходни години | | 698.812 | | 0,05% |
| **Вкупно** | **1.785.803.140** | **1.475.718.702** | **82,64%** | **100%** |

Реализацијата на приходите во основниот буџет е 76,16%, во буџетот на самофинансирачки активности 72,95%, буџетот на дотации 99,56%, а во буџетот на донации 35,84%. Потрошеното салдо од претходните години е во износ од 698.812,00 денари и истото е потрошено во буџетот на самофинансирачки активности и буџетот на дотации.

Анализирајќи ја структурата на приходите по сметки, можеме да заклучиме дека најголемо учество во вкупните приходи имаат приходите во основниот буџет (59%), потоа се приходите во буџетот на блок дотации (37%), приходите во буџетот на самофинансирачки активности (3%) и приходи во буџетот на донации (1%).



Реализираните приходи по категории се прикажани во следната табела, при што најголем процент на реализација имаат капиталните приходи (115,52%), потоа се даночните приходи (115,03%), неданочните приходи (81,76%) и трансферите и донациите (64,50%).

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Приходи) | План | Реализирани приходи | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 584.160.000 | 671.936.559 | 115,03% | 45,53% |
| Неданочни приходи | 85.310.000 | 69.745.793 | 81,76% | 4,73% |
| Капитални приходи | 36.520.000 | 42.187.078 | 115,52% | 2,86% |
| Трансфери и донации | 1.071.578.628 | 691.150.460 | 64,50% | 46,83% |
| Домашно задолжување | 8.234.512 | 0 | 0 | |
| **Потрошен вишок на приходи од претходни години** | | 698.812 | | 0,05% |
| **Вкупно** | **1.785.803.140** | **1.475.718.702** | **82,64%** | **100%** |

Анализирајќи ја структурата на приходите по економска класификација, можеме да заклучиме дека најголемо учество во вкупните приходи на Општина Центар- Скопје имаат трансферите и донациите со 47%, даночните приходи со 45%, потоа следуваат неданочните приходи со 5%, додека пак најмало учество имаат капиталните приходи со само 3% од вкупните приходи.



Во **Основниот буџет** на Општината од планираните приходи во износ од 1.143.610.000,00 денари, во периодот од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година реализирани се **871.021.357,00** денари, што претставува 76,16% од планираните приходи. Планирањето на одредени видови приходи се базира врз историски показатели и како резултат на тоа некои видови приходи се преценети, а некои се потценети, односно реализацијата е поголема или помала од планираното. Реализацијата на приходите во Основниот буџет на ниво на ставки е следна:

| Ставка | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **584.160.000** | **671.936.559** | **115,03%** | **77,14%** |
| 711 | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 33.300.000 | 42.742.143 | 128,35% | 4,91% |
| 713 | Даноци на имот | 195.200.000 | 218.914.040 | 112,15% | 25,13% |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 354.560.000 | 408.598.546 | 115,24% | 46,91% |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 1.100.000 | 1.681.830 | 152,89% | 0,19% |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **19.110.000** | **21.452.686** | **112,26%** | **2,47%** |
| 722 | Глоби , судски и административни такси | 1.910.000 | 1.441.016 | 75,45% | 0,16% |
| 723 | Такси и надоместоци | 1.000.000 | 1.038.758 | 103,88% | 0,12% |
| 724 | Други владини услуги | 0 | 12.000 | - | 0,01% |
| 725 | Други неданочни приходи | 16.200.000 | 18.960.912 | 117,04% | 2,18% |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **36.520.000** | **42.187.078** | **115,52%** | **4,84%** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 36.520.000 | 42.187.078 | 115,52% | 4,84% |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **503.820.000** | **135.445.034** | **26,88%** | **15,55%** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 503.820.000 | 135.445.034 | 26,88% | 15,55% |
| | **Вкупно** | **1.143.610.000** | **871.021.357** | **76,16%** | **100%** |

Најголемо учество во вкупно остварените приходи имаат даноците на специфични услуги со учество од 46,91%, а даноците на имот имаат учество од 25,13%.

**Даночните приходи** се реализирани во вкупен износ од **671.936.559,00** денари, односно 115,03% од планираното, од кои:

- На ставка **711- Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** се реализирани приходи во износ од **42.742.143,00** денари;
- На ставка **713- Даноци на имот** се реализирани приходи во износ од **218.914.040,00** денари од кои:
  - приходи по основа на данок на промет на недвижен имот во износ од 118.514.746,00 денари;
  - приходи по основа на данок на имот од физички лица во износ од 51.927.601,00 денари;
  - приходи по основа на данок на имот од правни лица во износ од 39.056.602,00 денари;
  - приходи по основа на данок на наследство и подарок во износ од 8.768.844,00 денари;
  - камата за ненавремено плаќање на данокот на имот во износ од 646.247,00 денари.

- На ставка **717- Даноци на специфични услуги** се реализирани приходи во износ од **408.598.546,00** денари од кои:
  - приходи по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 347.134.970,00 денари;
  - приходи од комунална такса за користење и за одржување на јавното осветлување во износ од 41.738.632,00 денари;
  - приходи од комунална такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила во износ од 8.000.000,00 денари;
  - приходи од комунални такси за истакнување фирма и за користење на улици со патнички, товарни и моторни возила во износ од 7.097.219,00 денари;
  - приходи од комунални дејности во износ од 2.636.711,00 денари;
  - приходи од комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење дејност во износ од 1.957.364,00 денари;
  - други приходи што во извештајниот период се во помал износ.

- На ставка **718- Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** се реализирани приходи во износ од **1.681.830,00** денари.

**Неданочните приходи** се реализирани во вкупен износ од **21.452.686,00** денари, односно 112,26% од планираното, од кои:

- На ставка **722- Глоби, судски и административни такси** се реализирани приходи во износ од **1.441.016,00** денари;
- На ставка **723- Такси и надоместоци** се реализирани приходи во износ од **1.038.758,00** денари;
- На ставка **724- Други владини услуги** се реализирани приходи во износ од **12.000,00** денари, остварени од подигнување на тендерска документација;
- На ставка **725- Други неданочни приходи** се реализирани приходи во износ од **18.960.912,00** денари од кои 18.099.685,00 денари се уплатени од комитенти по основа на договорни казни (пенали) за предметите што се преземени од Министерството за транспорт и врски во согласност со Законот за градежно земјиште.

**Капиталните приходи** се реализирани во износ од **42.187.078,00** денари на ставка **733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања,** односно 115,52% од планираното, од кои:

- приходи од продажба и закуп на неизградено градежно земјиште во износ од 18.643.006,00 денари,
- приходи од надоместок за управување со правен статус на бесправно изградени објекти во износ од 2.344.484,00 денари и
- надоместок за концесии во износ од 21.199.588,00 денари.

**Приходите од трансфери во основниот буџет** се реализирани во износ од **135.445.034,00** денари, сите на ставка **741- Трансфери од други нивоа на власт**, што претставува 26,88% од планираните приходи и се однесуваат на капитални трансфери од Министерството за спорт за реконструкција на спортската сала "Работнички", приходите од ДДВ, трансферот од Јавното претпријатие за државни патишта и тековните трансфери за реализација на проектот "Грижа за секое дете".




Анализирајќи ја структурата на приходите по економска класификација, можеме да заклучиме дека најголемо учество во вкупните приходи во основниот буџет на Општина Центар- Скопје имаат даночните приходи со 77%, потоа следуваат трансферите со 16%, капиталните приходи со 5%, додека пак најмало учество имаат неданочните приходи со само 2% од вкупните приходи.

Приходите во **Буџетот на самофинансирачки активности** се приходи што ги остваруваат буџетските корисници на Општина Центар, односно основните училишта и детските градинки. Во буџетската 2025 година по оваа основа реализирани се приходи во износ од **48.293.107,00** денари, што претставува 72,95% од планираните приходи.

| Ставка | БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **66.200.000** | **48.293.107** | **72,95%** | **100%** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 0 | 1.490 | - | 0,01% |
| 723 | Такси и надоместоци | 65.750.000 | 48.272.822 | 73,42% | 99,96% |
| 725 | Други неданочни приходи | 450.000 | 18.795 | 4,18% | 0,03% |
| | **Вкупно** | **66.200.000** | **48.293.107** | **72,95%** | **100%** |

Најголем дел од приходите се однесуваат на надоместоците за оброци во училиштата и во градинките, за целодневна и за претшколска грижа и приходи од издавање под закуп на училишен простор. Приходите на основните училишта се во износ од 14.005.314,00 денари, а на детските градинки во износ од 34.287.793,00 денари.



Во **Буџетот на дотации** од вкупно планираните приходи во износ од 552.761.000,00 денари, до 31.12.2025 година реализирани се **550.330.112,00** денари, што претставува 99,56% од вкупно планираните приходи за 2025 година. Искористениот вишок на приходи од минатите години е во износ од 167.172,00 денари.

| Ставка | БУЏЕТ НА БЛОК ДОТАЦИИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **552.761.000** | **550.497.284** | **99,59%** | **100%** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 552.761.000 | 550.330.112 | 99,56% | 99,97% |
| | Потрошен вишок на приходи од претходни години | | 167.172 | | 0,03% |
| | **Вкупно** | **508.355.000** | **550.497.284** | **99,59%** | **100%** |

Приходите од блок дотации од Министерството за образование и наука наменети за основните училишта во 2025 година изнесуваа 353.608.000,00 денари, додека пак приходите од блок дотации од Министерството за социјална политика, демографија и млади наменети за детските градинки изнесуваа 196.722.112,00 денари.



Во **Буџетот на донации** од вкупно планираните приходи во износ од 14.997.628,00 денари, реализирани се **5.375.314,00** денари, што претставува 35,84% од вкупно планираните приходи. Овие приходи се реализирани по основа на договори за донаторско финансирање на Општина Центар- Скопје и на буџетските единки корисници на Општина Центар- Скопје (основни училишта). Искористениот вишок на приходи од минатите години е во износ од 531.640,00 денари.

| Ставка | БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **14.997.628** | **5.906.954** | **39,39%** | **100%** |
| 742 | Донации од странство | 12.119.000 | 5.375.314 | 44,35% | 90,99% |
| 743 | Капитални донации | 2.058.628 | 0 | 0% | 0% |
| 744 | Тековни донации | 820.000 | 0 | 0% | 0% |
| | Потрошен вишок на приходи од претходни години | | 531.640 | | 9,01% |
| | **Вкупно** | **13.912.300** | **5.906.954** | **39,39%** | **100%** |

Најголем процент од приходите во буџетот на донации се на основното училиште ООУ "Ј.Х.Песталоци"- (75%), потоа следи ООУ "Гоце Делчев" – (13%), ООУ " Св. Кирил и Методиј " – (11%) и приходите од донаторскиот проект на Општина Центар- (1%) .




Во **Буџетот на кредити** во 2025 година не се реализирани приходи.

## 2. РАСХОДИ

**Вкупните расходи** во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со кои се финансираат законски утврдените надлежности на Општината, реализирани се во вкупен износ од **1.415.591.229,00 денари**, што претставува 79,27% реализација од планираното (1.785.803.140,00 денари).

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани расходи | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 1.143.610.000 | 812.473.299 | 71,04% | 57,39% |
| Буџет на самофинансирачки активности | 66.200.000 | 46.713.692 | 70,56% | 3,30% |
| Буџет на блок дотации | 552.761.000 | 550.497.284 | 99,59% | 38,89% |
| Буџет на донации | 14.997.628 | 5.906.954 | 39,39% | 0,42% |
| Буџет на кредити | 8.234.512 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.785.803.140** | **1.415.591.229** | **79,27%** | **100%** |

Реализацијата на расходите во основниот буџет е 71,04%, во буџетот на самофинансирачки активности 70,56%, буџетот на дотации 99,59%, а во буџетот на донации 39,39%.

Анализирајќи ја структурата на приходите по сметки, можеме да заклучиме дека најголемо учество во вкупните расходи имаат расходите во основниот буџет (57%), потоа се расходите во буџетот на блок дотации (39%), расходите во буџетот на самофинансирачки активности (3%) и расходи во буџетот на донации (1%).



Во **Основниот буџет** на Општината од планираните расходи во износ од 1.143.610.000,00 денари, во периодот од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година, реализирани се **812.473.299,00** денари, што претставува 71,04% од планираните расходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **127.300.000** | **109.827.575** | **86,27%** | **13,52%** |
| 401 | Основни плати | 83.409.000 | 71.430.249 | 85,64% | 8,79% |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 31.947.000 | 27.302.996 | 85,46% | 3,36% |
| 404 | Надоместоци | 11.944.000 | 11.094.330 | 92,89% | 1,37% |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **2.200.000** | **2.155.555** | **97,98%** | **0,27%** |
| 412 | Постојана резерва | 1.000.000 | 1.000.000 | 100% | 0,12% |
| 413 | Тековна резерва | 1.200.000 | 1.155.555 | 96,30% | 0,15% |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **237.450.000** | **182.068.767** | **76,98%** | **22,41%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.950.000 | 425.488 | 21,82% | 0,05% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 55.890.000 | 48.921.294 | 87,53% | 6,02% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 21.060.000 | 18.815.399 | 89,34% | 2,32% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 47.910.000 | 40.272.332 | 84,06% | 4,96% |
| 425 | Договорни услуги | 59.970.000 | 29.300.087 | 48,86% | 3,61% |
| 426 | Други тековни расходи | 19.810.000 | 14.832.237 | 74,87% | 1,82% |
| 427 | Привремени вработувања | 30.860.000 | 29.501.930 | 95,60% | 3,63% |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **5.500.000** | **4.033.764** | **73,34%** | **0,50%** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 5.500.000 | 4.033.764 | 73,34% | 0,50% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **228.380.000** | **208.030.453** | **91,09%** | **25,60%** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 15.000.000 | 15.000.000 | 100% | 1,85% |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 18.000.000 | 17.987.222 | 99,93% | 2,21% |
| 464 | Разни трансфери | 195.380.000 | 175.043.231 | 89,59% | 21,54% |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **7.500.000** | **6.751.176** | **90,02%** | **0,83%** |
| 471 | Социјални надоместоци | 7.500.000 | 6.751.176 | 90,02% | 0,83% |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **43.000.000** | **42.430.728** | **98,68%** | **5,22%** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 43.000.000 | 42.430.728 | 98,68% | 5,22% |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **492.280.000** | **257.175.281** | **52,24%** | **31,65%** |
| 480 | Купување опрема и машини | 18.720.000 | 14.442.497 | 77,15% | 1,78% |
| 481 | Градежни објекти | 64.000.000 | 30.016.560 | 46,90% | 3,69% |
| 482 | Други градежни објекти | 378.460.000 | 198.601.457 | 52,48% | 24,44% |
| 483 | Купување на мебел | 300.000 | 0 | 0% | - |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 30.800.000 | 14.114.767 | 45,83% | 1,74% |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **1.143.610.000** | **812.473.299** | **71,04%** | **100%** |

Во 2025 година **тековно-оперативните расходи** изнесуваат **555.298.018,00** денари, а **капиталните расходи** во извештајниот период се реализирани во вкупен износ од **257.175.281,00** денари.

Најголем процент од тековно оперативните расходи се однесуваат на субвенции и трансфери од кадешто се изврши исплата по судски решенија; следува комунални услуги, греење и комуникација за општинската администрација и основните училишта и градинките; отплата на главнина кон домашните институции за земените кредити; поправки и тековно одржување итн.




Капиталните расходи се однесуваат на изградба и реконструкција на инфраструктура на територијата на Општина Центар.

Тековно оперативните и капиталните расходи ќе бидат подетално образложени во посебниот дел на завршната сметка.

Расходите во **Буџетот на самофинансирачки активности** се расходи што ги реализираат буџетските корисници на Општина Центар, односно основните училишта и детските градинки. Во буџетската 2025 година по оваа основа реализирани се расходи во износ од **46.713.692,00** денари, што претставува 70,56% од планираните расходи. Расходите на основните училишта се во износ од 13.585.987,00 денари, односно 29% од вкупните расходи во буџетот на самофинансирачки активности, додека пак расходите на детските градинки се во износ од 33.127.705,00 денари, односно 71% од вкупните расходи во буџетот на самофинансирачки активности.

| Ставка | БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **62.002.000** | **43.698.280** | **70,48%** | **93,54%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.170.000 | 669.893 | 57,26% | 1,43% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 9.332.000 | 4.295.767 | 46,03% | 9,20% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 30.483.000 | 22.247.882 | 72,98% | 47,63% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 11.143.000 | 8.712.696 | 78,19% | 18,65% |
| 425 | Договорни услуги | 4.368.000 | 3.561.152 | 81,53% | 7,62% |
| 426 | Други тековни расходи | 4.106.000 | 3.569.600 | 86,94% | 7,64% |
| 427 | Привремени вработувања | 1.400.000 | 641.290 | 45,81% | 1,37% |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **4.198.000** | **3.015.412** | **71,83%** | **6,46%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 3.035.000 | 2.347.396 | 77,34% | 5,03% |
| 483 | Купување на мебел | 1.045.000 | 631.320 | 60,41% | 1,35% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 118.000 | 36.696 | 31,10% | 0,08% |
| | **Вкупно** | **66.200.000** | **46.713.692** | **70,56%** | **100%** |

Тековно оперативните расходи учествуваат со 94% од вкупните расходи, додека пак капиталните расходи со 6% во вкупните расходи во буџетот на самофинансирачки активности. Најголем дел од расходите од основните училишта отпаѓаат на ООУ “Димитар Миладинов”, ООУ “Киро Глигоров” и ООУ “11-ти октомври”, додека пак кај детските градинки најголем дел од расходите отпаѓаат на ЈУДГ “13-ти ноември”.



Во **Буџетот на дотации** од вкупно планираните расходи во износ од 552.761.000,00 денари, до 31.12.2025 година реализирани се **550.497.284,00** денари, што претставува 99,59% од вкупно планираните расходи за 2025 година.

| Ставка | БУЏЕТ НА БЛОК ДОТАЦИИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **516.613.000** | **516.097.872** | **99,90%** | **93,75%** |
| 401 | Основни плати | 365.300.000 | 365.046.016 | 99,93% | 66,31% |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 141.763.000 | 141.587.486 | 99,88% | 25,72% |
| 404 | Надоместоци | 9.550.000 | 9.464.370 | 99,10% | 1,72% |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **31.954.000** | **31.469.913** | **98,49%** | **5,72%** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 23.122.000 | 23.041.928 | 99,65% | 4,19% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.499.000 | 1.417.788 | 94,58% | 0,26% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 3.076.000 | 2.917.943 | 94,86% | 0,53% |
| 425 | Договорни услуги | 1.892.000 | 1.822.058 | 96,30% | 0,33% |
| 426 | Други тековни расходи | 513.000 | 452.559 | 88,22% | 0,08% |
| 427 | Привремени вработувања | 1.852.000 | 1.817.637 | 98,14% | 0,33% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **4.194.000** | **2.929.499** | **69,85%** | **0,53%** |
| 464 | Разни трансфери | 4.194.000 | 2.929.499 | 69,85% | 0,53% |
| | **Вкупно** | **552.761.000** | **550.497.284** | **99,59%** | **100%** |

Расходите на детските градинки изнесуваат 196.769.300,00 денари, односно 36% од вкупните расходи во буџетот на блок дотации, а на основните училишта 353.727.984,00 денари, односно 64% од вкупните расходи во буџетот на блок дотации.



Во **Буџетот на донации** реализирани се расходи во износ од **5.906.954,00** денари, што претставува 39,39% од вкупно планираните расходи за 2025 година.

| Ставка | БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **11.428.000** | **4.538.429** | **39,71%** | **76,83%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 4.466.000 | 2.191.649 | 49,07% | 37,10% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 290.000 | 67.519 | 23,28% | 1,14% |
| 425 | Договорни услуги | 6.036.000 | 1.774.062 | 29,39% | 30,03% |
| 426 | Други тековни расходи | 636.000 | 505.199 | 79,43% | 8,56% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **90.000** | **79.049** | **87,83%** | **1,34%** |
| 464 | Разни трансфери | 90.000 | 79.049 | 87,83% | 1,34% |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **3.479.628** | **1.289.476** | **37,06%** | **21,83%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.225.000 | 1.097.900 | 89,62% | 18,59% |
| 481 | Градежни објекти | 2.058.628 | 0 | 0% | 0% |
| 483 | Купување на мебел | 16.000 | 15.576 | 97,35% | 0,26% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 180.000 | 176.000 | 97,78% | 2,98% |
| | **Вкупно** | **14.997.628** | **5.906.954** | **39,39%** | **100%** |

Во рамките на овој буџет средствата се користат за реализација на донаторски проекти на Општината и на основните училишта под надлежност на Општината за реализација на проекти под покровителство на европски фондови со намена за унапредување на квалитетот во образованието.




Во **Буџетот на кредити** за 2025 година не се реализирани расходи.

## 3. ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА

### РАСХОДИ ВО ОСНОВНИОТ БУЏЕТ ПО ПОТПРОГРАМИ

Во Потпрограмата **А00 – Совет на Општината** планирани се расходи во износ од 59.050.000,00 денари, а реализирани се во износ од **55.682.971,00** денари, што претставува 94,30% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Трошоците во оваа Потпрограма се за:

- 40.890.376,00 денари за исплата на главнината и на каматата за кредитот во Комерцијална банка за изградба на училиштето "Киро Глигоров";
- 5.394.577,00 денари за исплата на главнината и каматата за подзаемот за реконструкција на "Титоввелешка" и градинката "Пепелашка";
- 179.539,00 денари за исплата на каматата за подзаемот за финансирање на проект за поставување на фотоволтаични системи на кровните површини на три основни училишта на територија на Општина Центар-;
- 7.543.100,00 денари за надоместоци за советниците во Советот на Општина Центар-Скопје,
- 1.000.000,00 денари за помош на настраданите граѓани во Кочани;
- 376.087,00 денари заплаќање сметки за службени телефони за советниците;
- 299.292,00 денари за меѓуопштинска соработка со Општина Кисела Вода за ангажирање на градежен инспектор.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **А0** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | **59.050.000** | **55.682.971** | **94,30%** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **7.900.000** | **7.543.100** | **95,48%** |
| 401 | Основни плати | 800.000 | 754.270 | 94,28% |
| 404 | Надоместоци | 7.100.000 | 6.788.830 | 95,62% |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.000.000** | **1.000.000** | **100%** |
| 412 | Постојана резерва | 1.000.000 | 1.000.000 | 100% |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **900.000** | **376.087** | **41,79%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 500.000 | 0 | 0% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуниација и транспорт | 400.000 | 376.087 | 94,02% |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **5.500.000** | **4.033.764** | **73,34%** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 5.500.000 | 4.033.764 | 73,34% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **750.000** | **299.292** | **39,91%** |
| 464 | Разни трансфери | 750.000 | 299.292 | 39,91% |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **43.000.000** | **42.430.728** | **98,68%** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 43.000.000 | 42.430.728 | 98,68% |

Во Потпрограмата **А10 – Изборни активности и референдуми** планирани се расходи во износ од 14.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од **13.904.300,00** денари, што претставува 99,32% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Трошоците во оваа Потпрограма се за трансфери до Општинската изборна комисија за одржување на локалните избори 2025 година.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **А1** | **ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ** | **14.000.000** | **13.904.300** | **99,32%** |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **14.000.000** | **13.904.300** | **99,32%** |
| 464 | Разни трансфери | 14.000.000 | 13.904.300 | 99,32% |

Во Потпрограмата **Д00 – Градоначалник** планирани се расходи во износ од 13.465.000,00 денари, а реализирани се во износ од **10.470.591,00** денари, што претставува 77,76% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма и тоа:

- 2.050.519,00 денари за плата и придонеси на Градоначалникот;
- 38.146,00 денари за сметки за службен телефон за Градоначалникот;
- 1.000.000,00 денари од тековната резерва за рехабилитација на настраданите граѓани од пожарот во Кочани;
- 3.084.538,00 денари за плаќања за реализацијата на проектот „Нега на стари лица во домашни услови";
- 3.000.000,00 денари за финансирање на социјални услуги и сервиси;
- Остатокот од 1.297.388,00 денари се потрошени за финансиска помош на вработените за смрт на член од семејството, јубилејни награди, надомест за успешност, отпремнина при пензионирање.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **D0** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | **13.465.000** | **10.470.591** | **77,76%** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **2.715.000** | **2.050.519** | **75,53%** |
| 401 | Основни плати | 1.924.000 | 1.449.167 | 75,32% |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 747.000 | 561.852 | 75,21% |
| 404 | Надоместоци | 44.000 | 39.500 | 89,77% |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.200.000** | **1.155.555** | **96,30%** |
| 413 | Тековни резерви | 1.200.000 | 1.155.555 | 96,30% |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **550.000** | **38.146** | **6,94%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 500.000 | 0 | 0% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 50.000 | 38.146 | 76,29% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **9.000.000** | **7.226.371** | **80,29%** |
| 464 | Разни трансфери | 9.000.000 | 7.226.371 | 80,29% |

Во Потпрограмата **<u>Е00 – Општинска администрација</u>** планирани се расходи во износ од 282.505.000,00 денари, а реализирани се во износ од **252.352.855,00** денари, што претставува 89,33% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма.



Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на:

- 127.149.395,00 денари за плати, придонеси и надоместоци на редовно и привремено вработените лица во Општината;
- 9.797.946,00 денари за комуналните услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон, регистрација на моторни возила);
- 2.177.471,00 денари за канцелариски материјали, средства за одржување хигиена, списанија и други изданија за користење од вработените, ситен инвентар, материјали за поправки;
- 3.784.072,00 денари за поправки и сервисирање на возила, поправки и одржување на компјутерска и друга опрема;
- 6.781.095,00 денари за изнајмување на мултифункциски уреди, осигурување на недвижен имот и возила, правни услуги, судски такси, услуги за копирање и печатење, консултантски услуги;
- 2.959.529,00 денари за членарини во домашни организации - Здружение на единици на локална самоуправа, учество на вработените на семинари и на конференции, за објавување огласи;
- 3.000.000,00 денари за финансирање на програмски активности здруженија на граѓани и фондации;
- 83.962.227,00 денари за плаќања по судски решенија (најголем дел за камата врз основа на правосилна судска пресуда во судски спор со ГП Пелагонија и трошоци во парнична постапка со Никофон за оттуѓување на градежно земјиште - надомест на штета и пропуштена корист);
- 6.751.176,00 денари за социјални надоместоци (помош за новороденчиња и социјална помош за граѓани);
- 4.594.256,00 денари за финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик;
- останиот износ е за отпремнина при пензионирање на вработените во Општина Центар; јубилејни награди, надоместок за успешност, услуги во рамки на проектот "Итно копче", патни расходи итн.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Е0** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **282.505.000** | **252.352.855** | **89,33%** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **116.685.000** | **100.233.956** | **85,90%** |
| 401 | Основни плати | 80.685.000 | 69.226.812 | 85,80% |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 31.200.000 | 26.741.144 | 85,71% |
| 404 | Надоместоци | 4.800.000 | 4.266.000 | 88,88% |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **63.120.000** | **52.841.040** | **83,72%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 950.000 | 425.488 | 44,79% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 13.180.000 | 9.797.946 | 74,34% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 2.800.000 | 2.177.471 | 77,77% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 5.410.000 | 3.784.072 | 69,95% |
| 425 | Договорни услуги | 8.680.000 | 6.781.095 | 78,12% |
| 426 | Други тековни расходи | 5.100.000 | 2.959.529 | 58,03% |
| 427 | Привремени вработувања | 27.000.000 | 26.915.439 | 99,69% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **95.200.000** | **92.526.683** | **97,19%** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 3.000.000 | 3.000.000 | 100% |
| 464 | Разни трансфери | 92.200.000 | 89.526.683 | 97,10% |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **7.500.000** | **6.751.176** | **90,02%** |
| 471 | Социјални надоместоци | 7.500.000 | 6.751.176 | 90,02% |

Во Потпрограмата **ЕА0 – Капитални трошоци на Општината** планирани се расходи во износ од 12.200.000,00 денари, а реализирани се во износ од **11.447.390,00** денари, што претставува 93,83% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на:



- 1.199.415,00 денари беа наменети за набавка на информатичка опрема за општинската администрација;
- 8.496.000,00 денари за надградба на ГИС порталот;
- 896.700,00 денари за набавка на лиценци за AutoCad;
- 310.275,00 денари за набавка на нови антивирусни сервер- клиент решенија;
- 300.000,00 денари за набавка на Firewall уреди;
- 245.000,00 денари за веб- страната на Општина Центар- Скопје.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| ЕА | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | 12.200.000 | 11.447.390 | 93,83% |
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 12.200.000 | 11.447.390 | 93,83% |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.400.000 | 1.199.415 | 85,67% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 10.800.000 | 10.247.975 | 94,89% |

Во Потпрограмата **Ф10 – Урбанистичко планирање** планирани се расходи во износ од 29.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од **3.808.868,00** денари, што претставува 13,13% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:



- 751.519,00 денари за изработка на детални урбанистички планови;
- 1.311.236,00 денари за консултантски услуги (надоместок за учество во комисија за урбанизам);
- 129.490,00 за објавување огласи и
- 1.616.623,00 денари за исплата на прва, втора и трета награда за идејно решение за нова административна зграда на Општина Центар.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| F1 | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | 29.000.000 | 3.808.868 | 13,13% |
| 42 | **СТОКИ И УСЛУГИ** | 27.240.000 | 2.192.245 | 8,05% |
| 425 | Договорни услуги | 26.490.000 | 2.062.755 | 7,79% |
| 426 | Други тековни расходи | 750.000 | 129.490 | 17,27% |
| 46 | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | 1.760.000 | 1.616.623 | 91,85% |
| 464 | Разни трансфери | 1.760.000 | 1.616.623 | 91,85% |

Во Потпрограмата **Ф20 – Уредување на градежно земјиште** планирани се расходи во износ од 15.760.000,00 денари, а реализирани се во износ од **14.095.134,00** денари, што претставува 89,44% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- 13.747.624,00 денари за уривање на времени објекти;
- 238.950,00 денари за ангажирање на консултанти за мерење на бучава и
- 108.560,00 денари за објавување огласи.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **F2** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | **15.760.000** | **14.095.134** | **89,44%** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **15.760.000** | **14.095.134** | **89,44%** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 60.000 | 0 | 0% |
| 425 | Договорни услуги | 15.400.000 | 13.986.574 | 90,82% |
| 426 | Други тековни расходи | 300.000 | 108.560 | 36,19% |

Во Потпрограмата **ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 59.800.000,00 денари, а реализирани се во износ од **7.438.464,00** денари, што претставува 12,44% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:



- 6.298.793,00 денари за реконструкција на ул. "Светозар Марковиќ";
- 667.000,00 денари за надомест за одземен имот (експропријација) за реализација на јавен интерес и
- 472.671,00 денари за изработка на геодетски елаборати.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **FA** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ )** | **59.800.000** | **7.438.464** | **12,44%** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **59.800.000** | **7.438.464** | **12,44%** |
| 482 | Други градежни објекти | 43.000.000 | 6.771.464 | 15,75% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 16.800.000 | 667.000 | 3,97% |

Во Потпрограмата **ФАА – Реконструкција и изградба на инфраструктура (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 25.000.000,00 денари, а реализирани се  во износ од **4.933.895,00** денари, што претставува 19,74% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изградба на улица и комунална инфраструктура на на ул. "Тодор Александров" бр. 6,7,8,9,11,12.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| FAA | РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА | 25.000.000 | 4.933.895 | 19,74% |
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 25.000.000 | 4.933.895 | 19,74% |
| 482 | Други градежни објекти | 25.000.000 | 4.933.895 | 19,74% |

Во Потпрограмата **Г10 – Поддршка на локалниот економски развој** планирани се расходи во износ од 9.120.000,00 денари, реализирани се во износ од **1.938.863,00** денари, што претставува 21,26% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:




- 161.492,00 за консултантски услуги за реализација на обуки и едукативни работилници;
- 598.468,00 денари за ангажирање на практиканти во општината;
- 58.903,00 денари за годишна членарина - Европска асоцијација за локална демократија АЛДА и
- 1.120.000,00 денари за субвенции за полагање на возачки испити.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| G1 | ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | 9.120.000 | 1.938.863 | 21,26% |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.620.000 | 818.863 | 50,55% |
| 425 | Договорни услуги | 1.200.000 | 759.960 | 63,33% |
| 426 | Други тековни расходи | 420.000 | 58.903 | 14,02% |
| 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 7.500.000 | 1.120.000 | 14,93% |
| 464 | Разни трансфери | 7.500.000 | 1.120.000 | 14,93% |



Во Потпрограмата **J00 – Одржување на урбана опрема** планирани се расходи во износ од 8.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **5.981.466,00** денари, што претставува 74,77% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за санација на урбана опрема и детски игралишта.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **J0** | **ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА** | **8.000.000** | **5.981.466** | **74,77%** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **8.000.000** | **5.981.466** | **74,77%** |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 8.000.000 | 5.981.466 | 74,77% |

Во Потпрограмата **J30 – Јавно осветлување** планирани се расходи во износ од 31.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **28.071.079,00** денари, што претставува 90,55% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:



- 18.166.617,00 денари за потрошена енергија за улично осветлување;
- 6.205.162,00 денари за одржување (сервисирање) на јавното осветлување;
- 3.699.300,00 денари за новогодишно украсување во Општина Центар-Скопје.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| J3 | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | **31.000.000** | **28.071.079** | **90,55%** |
| 42 | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **31.000.000** | **28.071.079** | **90,55%** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 19.000.000 | 18.166.617 | 95,61% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 8.000.000 | 6.205.162 | 77,56% |
| 426 | Други тековни расходи | 4.000.000 | 3.699.300 | 92,48% |

Во Потпрограмата **J40 – Јавна чистота** планирани се расходи во износ од 44.700.000,00 денари, реализирани се во износ од **44.418.876,00** денари, што претставува 99,37% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на:




- 599.747,00 денари за набавка на униформи за работниците ангажирани за одржување на јавната чистота;
- 547.007,00 денари за набавка на рачен и градинарски алат;
- 2.272.122,00 денари за депонирање на комунален отпад до депонија "Дрисла" и
- 41.000.000,00 денари за трансфери до ЈП "Паркинзи на Општина Центар" за исплата на надоместокот на работниците ангажирани за одржување на јавната чистота.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| J4 | **ЈАВНА ЧИСТОТА** | **44.700.000** | **44.418.876** | **99,37%** |
| 42 | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **3.700.000** | **3.418.876** | **92,40%** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.200.000 | 1.146.754 | 95,56% |
| 426 | Други тековни расходи | 2.500.000 | 2.272.122 | 90,88% |
| 46 | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **41.000.000** | **41.000.000** | **100%** |
| 464 | Разни трансфери | 41.000.000 | 41.000.000 | 100% |

Во Потпрограмата **J60 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** планирани се расходи во износ од 19.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од **18.803.235,00** денари, што претставува 98,96% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се искористени за:



- 14.863.953,00 денари за санација на ударни дупки и
- 3.939.282,00 денари за зимско одржување на улиците.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| J6 | ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ | 19.000.000 | 18.803.235 | 98,96% |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 19.000.000 | 18.803.235 | 98,96% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 19.000.000 | 18.803.235 | 98,96% |

Во Потпрограмата **J70 – Одржување и користење на паркови и зеленило** планирани се расходи во износ од 3.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од **1.999.694,00** денари, што претставува 55,55% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се однесуваат на одржување на парковите, зелените површини и системите за полевање на повеќе локации на територијата на Општина Центар-Скопје.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| J7 | ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО | 3.600.000 | 1.999.694 | 55,55% |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 3.600.000 | 1.999.694 | 55,55% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 3.000.000 | 1.999.694 | 66,66% |
| 425 | Догворни услуги | 600.000 | 0 | 0% |

Во Потпрограмата **J80 – Други комунални услуги** планирани се расходи во износ од 500.000,00 денари, реализирани се во износ од **291.772,00** денари, што претставува 58,35%, а се однесуваат на дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Центар-Скопје.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| J8 | ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 500.000 | 291.772 | 58,35% |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 500.000 | 291.772 | 58,35% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 500.000 | 291.772 | 58,35% |

Во Потпрограмата **J90 – Одржување на простори за паркирање** планирани се расходи во износ од 15.000.000,00 денари, реализирани се во износ од **15.000.000,00 денари**, а се однесуваат на субвенционирање на ЈП Паркинзи на Општина Центар.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| J9 | ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ | 15.000.000 | 15.000.000 | 100% |
| 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 15.000.000 | 15.000.000 | 100% |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 15.000.000 | 15.000.000 | 100% |

Во рамките на Потпрограмата **JAA – Реконструкција и модернизација на јавното осветлување (развојна програма)** како дел од Планот на програми за развој во текот на 2025 година планирани се расходи во износ од 25.600.000,00 денари, а реализирани во износ од **22.415.723,00 денари,** што претставува 87,56% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, наменети за имплементација на систем за административна дигитализација и реконструкција на јавното осветлување.



| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| JAA | **РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | **25.600.000** | **22.415.723** | **87,56%** |
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **25.600.000** | **22.415.723** | **87,56%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 2.370.000 | 2.365.368 | 99,80% |
| 482 | Други градежни објекти | 20.030.000 | 16.850.563 | 84,13% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 3.200.000 | 3.199.792 | 99,99% |

Во Потпрограмата **ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** планирани се расходи во износ од 47.800.000,00 денари, а реализирани се во износ од 21.102.153,00 денари, што претставува 44,15% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за:



- 8.737.361,00 денари за реконструкција на ул. “ Дебарца “;
- 9.423.287,00 денари за санација на јавни површини на територија на општината;
- 1.615.930,00 денари за поставување на хоризонтална сообраќајна сигнализација и изведба и одржување на вертикална сообраќајна сигнализација;
- 1.003.275,00 денари за изработка и ревизија на основни проекти за инфраструктура;
- 301.060,00 денари за изработка на елаборати и
- 21.240,00 денари за изготвување хидротехнички услови.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| JDO | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | **47.800.000** | **21.102.153** | **44,15%** |
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **47.800.000** | **21.102.153** | **44,15%** |
| 482 | Други градежни објекти | 47.800.000 | 21.102.153 | 44,15% |

Во Потпрограмата **ЈДИ – Реконструкција во населба Капиштец- улица "Елисие Поповски- Марко" (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 3.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 2.679.141,00 денари, што претставува 89,30% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на улицата "Елисие Поповски- Марко".

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| JDI | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛБА КАПИШТЕЦ | 3.000.000 | 2.679.141 | 89,30% |
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 3.000.000 | 2.679.141 | 89,30% |
| 482 | Други градежни објекти | 3.000.000 | 2.679.141 | 89,30% |

Во Потпрограмата **ЈМ0 – Паркови и зеленило (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 19.900.000,00 денари, реализирани се во износ од **15.918.622,00** денари, што претставува 79,99% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма.



Овие расходи се однесуваат на:

- 13.875.446,00 денари за хортикултурно и партерно уредување на потегот од паркингот кај Зебра до парк Капиштец во населбата Капиштец и
- 2.043.176,00 денари за реконструкција на зелени површини на територија на Општина Центар.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| JM | ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ) | 19.900.000 | 15.918.622 | 79,99% |
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 19.900.000 | 15.918.622 | 79,99% |
| 482 | Други градежни објекти | 19.900.000 | 15.918.622 | 79,99% |

Во Потпрограмата **JH0 – Урбана опрема (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 10.260.000,00 денари, реализирани се во износ од **6.441.070,00** денари, што претставува 62,78% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработка и монтажа на клупи, канти за отпадоци, држачи за велосипеди и вертикални столбчиња.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **JN** | **УРБАНА ОПРЕМА ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ )** | **10.260.000** | **6.441.070** | **62,78%** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **10.260.000** | **6.441.070** | **62,78%** |
| 482 | Други градежни објекти | 10.260.000 | 6.441.070 | 62,78% |

Во Потпрограмата **К4 – Културни манифестации и творештво** планирани се расходи во износ од 15.270.000,00 денари, реализирани се во износ од **14.022.395,00** денари, што претставува 91,83% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- 781.731,00 денари за најмување канцелариски простор за читалници;
- 77.800,00 денари за услуги за печатење;
- 1.150.592,00 денари за изнајмување на бина, озвучување, видео опрема, осветлување и светлосни ефекти, како и физичко обезбедување за организација на културните настани;
- 892.272,00 денари за стипендии на ученици во областа на културното творештво;
- 130.000,00 денари за негување на стари традиции за Бадник и Маџирмаалски средби;
- 300.000,00 денари за културни активности поврзани со одбележување на Светски ден на поезијата;
- 300.000,00 денари за културни активности поврзани со одбележување на Светски ден на уметноста;
- 180.000,00 денари за реализиран проект по повод прослава на животот на уметникот Горан Стефановски;
- 3.000.000,00 денари за финансиска поддршка на мешовитата установа од областа на културата "Културно социјален простор Центар- Јадро";
- 3.400.000,00 денари за финансиска поддршка на проекти од областа на културата;
- 250.000,00 денари за реализација на проектот "Нож и виљушка";
- 200.000,00 денари за реализација на проектот "Центарски приказни";
- 450.000,00 денари за реализација на проектот "Центарска симфонија";
- 240.000,00 денари за изработка на мини мурали и графити;
- 100.000,00 денари за тематски организирани прошетки за запознавање на културните обележја на Општина Центар;

- 400.000,00 денари за реализација на проектот "На одмор сум, во Скопје сум"
- 250.000,00 денари за одржување на културниот настан "Вечер по ѕвездите";
- 1.840.000,00 денари за одржување на музичкиот настан " Нешто што ќе остане" и
- 80.000,00 денари за одбележување на значајни настани и личности.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| К4 | КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО | 15.270.000 | 14.022.395 | 91,83% |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 2.190.000 | 2.010.123 | 98,54% |
| 425 | Договорни услуги | 1.000.000 | 859.531 | 85,95% |
| 426 | Други тековни расходи | 1.190.000 | 1.150.592 | 96,69% |
| 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 13.080.000 | 12.012.272 | 91,84% |
| 464 | Разни трансфери | 13.080.000 | 12.012.272 | 91,84% |

Во Потпрограмата **<u>Л0 – Спорт и рекреација</u>** планирани се расходи во износ од 17.850.000,00 денари, а реализирани се во износ од **17.034.396,00** денари, што претставува 95,43% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за:

- 12.000.000,00 денари беа наменети за финансирање на активностите на спортскиот клуб КК „Работнички";
- 2.987.222,00 денари за финансиска поддршка на проекти и активности од областа на спортот;
- 1.048.520,00 денари за организација на спортски игри "Лига Центар";
- 971.654,00 денари за спортски стипендии на талентирани спортисти од подрачјето на Општина Центар;
- 27.000,00 денари за ваучери за награди.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| L0 | СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | 17.850.000 | 17.034.396 | 95,43% |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.750.000 | 1.075.520 | 61,46% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 700.000 | 346.023 | 49,43% |
| 425 | Договорни услуги | 700.000 | 635.053 | 90,72% |
| 426 | Други тековни расходи | 350.000 | 94.444 | 26,98% |
| 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 16.100.000 | 15.958.876 | 99,12% |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 15.000.000 | 14.987.222 | 99,91% |
| 464 | Разни трансфери | 1.100.000 | 971.654 | 88,33% |

Во Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 41.570.000,00 денари, а реализирани се во износ од **14.996.809,00** денари, што претставува 36,08% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени за реконструкција на детски и спортски игралишта на територија на Општина Центар- Скопје.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| LA | СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 41.570.000 | 14.996.809 | 36,08% |
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 41.570.000 | 14.996.809 | 36,08% |
| 480 | Купување на опрема и машини | 4.000.000 | 0 | 0% |
| 482 | Други градежни објекти | 37.570.000 | 14.996.809 | 39,92% |

Во Потпрограмата **ЛАА – Реконструкција на спортска сала Работнички-втора фаза (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 110.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од **108.496.903,00** денари, што претставува 98,63% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма.



Овие средства беа искористени за реконструкција на спортската сала "Работнички".

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| LAA | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКА САЛА РАБОТНИЧКИ – ВТОРА ФАЗА | 110.000.000 | 108.496.903 | 98,63% |
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 110.000.000 | 108.496.903 | 98,63% |
| 482 | Други градежни објекти | 110.000.000 | 108.496.903 | 98,63% |

Во Потпрограмата **<u>Н10 – Основно образование</u>** планирани се расходи во износ од 50.150.000,00 денари, реализирани се во износ од **45.592.750,00** денари, што претставува 90,91% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:

- 19.356.547,00 денари за плаќање на обврските на училиштата за централно греење, електрична енергија, водовод, ѓубретарина;
- 12.974.808,00 денари за набавка на униформи за сите ученици;
- 490.875,00 денари за купување на училишни ранци за првоodelенците;
- 510.006,00 денари за набавка на средства за хигиена во основните училишта;
- 3.206.931,00 денари за тековно одржување и обезбедување на објектите на училиштата;
- 133.700,00 денари за примарна здравствена заштита и контрола на санитарно-хигиенската состојба во училиштата;
- 3.777.152,00 денари за лични асистенти во рамки на проектот "Образование за сите";
- 1.744.995,00 денари за финансиска поддршка за ангажирање на дополнителен технички кадар- хигиеничарки во основните училишта;
- 1.046.054,00 денари за стипендии за поддршка на талентирани ученици од областа на науката и ученици од семејства од социјален ризик;
- 1.144.682,00 денари за отпремнина при пензионирање на наставниот кадар во основните училишта;
- 499.995,00 награди за најдобри наставници и стручни соработници во основното образование;
- 133.336,00 денари за награди за првенци на генерација;
- 166.669,00 денари за учество на меѓународни натпревари на ученици;
- 250.000,00 денари за обука за наставниците во основните училишта;
- 157.000,00 денари за награди за основните училишта.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **N1** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **50.150.000** | **45.592.750** | **90,91%** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **45.910.000** | **42.195.014** | **91,91%** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комунициација и транспорт | 19.600.000 | 19.356.547 | 98,76% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 14.600.000 | 13.975.689 | 95,72% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 4.000.000 | 3.206.931 | 80,17% |
| 425 | Договорни услуги | 4.850.000 | 3.910.852 | 80,64% |
| 427 | Привремени вработувања | 2.860.000 | 1.744.995 | 61,01% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **4.240.000** | **3.397.736** | **80,14%** |
| 464 | Разни трансфери | 4.240.000 | 3.397.736 | 80,14% |

Во Потпрограмата **<u>НА0 – Капитални расходи за основно образование</u>** планирани се расходи во износ од 27.750.000,00 денари, а реализирани се во износ од **24.625.193,00** денари, што претставува 88,74% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за:

- 3.000.000,00 денари за набавка на персонални компјутери, смарт табли, проектори и држачи за основните училишта на територија на Општина Центар- Скопје;
- 7.865.146,00 денари за реконструкција на тоалетите во ООУ "Гоце Делчев";
- 7.820.584,00 денари за реконструкција на свечена и фискултурна сала во ООУ "Димитар Миладинов";
- 3.213.016,00 денари за замена на подови и гипсарски работи во ООУ "11-ти Октомври";
- 1.817.731,00 денари за санација на покривот на фискултурната сала во ООУ "Ј.Х.Песталоци";
- 497.879,00 денари за ограда и поплочување на паркинг во ООУ "Коле Неделковски" и
- 410.837,00 денари за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа потпрограма.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **NA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **27.750.000** | **24.625.193** | **88,74%** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **27.750.000** | **24.625.193** | **88,74%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 3.000.000 | 3.000.000 | 100% |
| 481 | Градежни објекти | 24.300.000 | 21.214.356 | 87,30% |
| 482 | Други градежни објекти | 450.000 | 410.837 | 91,30% |

Во Потпрограмата **<u>НАА – Реконструкција на основни училишта (развојна програма)</u>** планирани се расходи во износ од 10.500.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **8.802.204,00** денари, што претставува 83,83% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за доградба на училници во ООУ „Коле Неделковски".



| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **NAA** | **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА** | **10.500.000** | **8.802.204** | **83,83%** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **10.500.000** | **8.802.204** | **83,83%** |
| 481 | Градежни објекти | 9.700.000 | 8.802.204 | 90,74% |
| 482 | Други градежни објекти | 500.000 | 0 | 0% |
| 483 | Купување на мебел | 300.000 | 0 | 0% |

Во Потпрограмата **P1 – Заштита на животната средина** планирани се расходи во износ од 8.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од **7.368.476,00** денари, што претставува 86,69% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на:




- 464.003,00 денари за поставување на филтри на прозорци на ООУ „Коле Неделковски";
- 3.928.255,00 денари за расчистување на диви депонии, депонии од шут и чистење канали;
- 1.999.994,00 за финансиско учество на Општина Центар во меѓуопштинска соработка со Град Скопје за финансирање на ЈП Лајка за заловување на бездомни кучиња;
- 598.925,00 денари за субвенционирање на велосипеди, Е-велосипеди и Е-тротинети.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **R1** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | **8.500.000** | **7.368.476** | **86,69%** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **5.800.000** | **4.768.924** | **82,22%** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 500.000 | 464.003 | 92,80% |
| 425 | Договорни услуги | 200.000 | 0 | 0% |
| 426 | Други тековни расходи | 5.100.000 | 4.304.921 | 84,41% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.700.000** | **2.599.552** | **96,28%** |
| 464 | Разни трансфери | 2.700.000 | 2.599.552 | 96,28% |

По Потпрограмата **PA – Капитални расходи за заштита на животна средина и природа** планирани се расходи во износ од 7.000.000,00 денари, а реализирани се средства во износ од **6.997.310,00 денари**, а се однесуваат на набавка на мерни сензори за бучава, мобилни уреди и мапирање на бучава.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **RA0** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | **7.000.000** | **6.997.310** | **99,96%** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **7.000.000** | **6.997.310** | **99,96%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 7.000.000 | 6.997.310 | 99,96% |

Во Потпрограмата **B10 – Детски градинки** планирани се расходи во износ од 8.660.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од **4.305.921,00** денари, што претставува 49,72% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а овие средства се искористени за:

- 1.066.251,00 денари за плаќање на обврските на детските градинки за централно греење, електрична енергија и водовод;
- 119.700,00 денари за информативно-едукативни посети на институции, установи и компании од интерес на децата од градинките;
- 705.459,00 денари за набавка на средства за одржување на хигиена;
- 55.746,00 денари за реализација на проектот "Подари насмевка- сакај го своето семејство";
- 148.521,00 денари беа наменети за проектот "Грижа за секое дете";
- 841.496,00 денари за финансиска поддршка на детските градинки за ангажирање дополнителен воспитен кадар (воспитувачки и негувателки);
- 968.752,00 денари за отпремнина при пензионирање на кадарот во детските градинки;
- 399.996,00 денари за награди за најдобрите воспитувачки и негувателки во градинките во Општина Центар-Скопје.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **V1** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **8.660.000** | **4.305.921** | **49,72%** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **6.610.000** | **2.937.173** | **44,44%** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.660.000 | 1.185.951 | 32,40% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.200.000 | 705.459 | 58,79% |
| 425 | Договорни услуги | 750.000 | 204.267 | 27,23% |
| 427 | Привремени вработувања | 1.000.000 | 841.496 | 84,15% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.050.000** | **1.368.748** | **66,77%** |
| 464 | Разни трансфери | 2.050.000 | 1.368.748 | 66,77% |

Во Потпрограмата **ВА0 – Капитални расходи за детски градинки** планирани се расходи во износ од 5.100.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **880.404,00** денари, што претставува 17,26% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и тоа:



- 283.324,00 денари за набавка на смарт табли и проектори во детските градинки;
- 597.080,00 денари беа наменети за купување на опрема (перална и сушара) во ЈУДГ "Р.Ј.Корчагин".

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **VA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **5.100.000** | **880.404** | **17,26%** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **5.100.000** | **880.404** | **17,26%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 950.000 | 880.404 | 92,67% |
| 481 | Градежни објекти | 4.000.000 | 0 | % |
| 482 | Други градежни објекти | 150.000 | 0 | % |

Во Потпрограмата **Х1 – Родова еднаквост** планирани се расходи во износ од 200.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **154.376,00** денари, што претставува 77,19% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за одржување на обуки за ментално и репродуктивно здравје и за набавка на облека и обувки за деца во згрижувачки семејства.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **X1** | **РОДОВА ЕДНАКВОСТ** | **200.000** | **154.376** | **77,19%** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **200.000** | **154.376** | **77,19%** |
| 425 | Договорни услуги | 100.000 | 100.000 | 100% |
| 426 | Други тековни расходи | 100.000 | 54.376 | 54,38% |

## РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ ПО ПОТПРОГРАМИ

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 17.202.000,00 денари, реализирани се во износ од **11.628.557,00** денари, што претставува 67,60% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Најголем дел од расходите се однесуваат на:



- 192.000,00 денари за патни расходи и расходи за сместување;
- 2.468.842,00 денари за плаќање на обврските на училиштата за користење централно греење, електрична енергија, водовод, ѓубретарина, телефони;
- 1.863.081,00 денари за набавка на канцелариски материјали, средства за хигиена, наставно-образовни помагала, ситен инвентар;
- 2.303.786,00 денари за тековно одржување на објектите на училиштата, поправки и одржување на училишна опрема, дезинфекција и дератизација на објектите;
- 2.101.692,00 денари за превозни услуги, контрола на санитарно-хигиенските услови, услуги за копирање и печатење;
- 2.699.156,00 денари за расходи за репрезентација, учество на семинари и конференции на вработените во основните училишта, објавување на огласи.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| N1 | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 17.202.000 | 11.628.557 | 67,60% |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 17.202.000 | 11.628.557 | 67,60% |
| 420 | Патни и дневни расходи | 585.000 | 192.000 | 32,82% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуниација и транспорт | 3.552.000 | 2.468.842 | 69,51% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 3.468.000 | 1.863.081 | 53,72% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 4.143.000 | 2.303.786 | 55,61% |
| 425 | Договорни услуги | 2.458.000 | 2.101.692 | 85,50% |
| 426 | Други тековни расходи | 2.996.000 | 2.699.156 | 90,09% |

Во Потпрограмата **<u>НА0 – Капитални расходи за основно образование</u>** планирани се расходи во износ од 2.798.000,00 денари, а реализирани се во износ од **1.957.430,00** денари, што претставува 69,96% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за:



- 1.289.414,00 денари за купување на информатичка опрема и опрема за греење и климатизација во основните училишта;
- 631.320,00 денари за купување на училишен и канцелариски мебел во основните училишта и
- 36.696,00 денари за купување книги за библиотеки во основните училишта.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **NA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **2.798.000** | **1.957.430** | **69,96%** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2.798.000** | **1.957.430** | **69,96%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.635.000 | 1.289.414 | 78,86% |
| 483 | Купување на мебел | 1.045.000 | 631.320 | 60,41% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 118.000 | 36.696 | 31,10% |

Во Потпрограмата **B10 – Детски градинки** планирани се расходи во износ од 44.800.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од **32.069.723,00** денари, што претставува 71,58% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а најголем дел од овие средства се искористени за:



- 477.893,00 денари за патувања и расходи за сместување;
- 1.826.925,00 денари се трошоци за комунални услуги- електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон;
- 20.384.801,00 денар за набавка на канцелариски материјали, униформи, обувки, прехранбени продукти во детските градинки, средства за хигиена, ситен инвентар и материјали за разни поправки;
- 6.408.910,00 денари за одржување на објектите на детските градинки и поправка и одржување на информатичката и друга опрема во градинките;
- 1.459.460,00 денари за систематски прегледи, консултантски услуги, договорни услуги, осигурување;
- 870.444,00 денари се расходи за репрезентација, семинари, објавување огласи;
- 641.290,00 денари за плати за дополнително ангажираниот воспитен кадар (воспитувачки и негувателки) во детските градинки.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| V1 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 44.800.000 | 32.069.723 | 71,58% |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 44.800.000 | 32.069.723 | 71,58% |
| 420 | Патни и дневни расходи | 585.000 | 477.893 | 81,69% |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуниација и транспорт | 5.780.000 | 1.826.925 | 31,61% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 27.015.000 | 20.384.801 | 75,46% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 7.000.000 | 6.408.910 | 91,56% |
| 425 | Договорни услуги | 1.910.000 | 1.459.460 | 76,41% |
| 426 | Други тековни расходи | 1.110.000 | 870.444 | 78,42% |
| 427 | Привремени вработувања | 1.400.000 | 641.290 | 45,81% |

Во Потпрограмата **ВА0 – Капитални расходи за детски градинки** планирани се расходи во износ од 1.400.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од **1.057.982,00** денари, што претставува 75,57% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за купување на информатичка и видео опрема, опрема за греење и климатизација во детските градинки;

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **VA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **1.400.000** | **1.057.982** | **75,57%** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.400.000** | **1.057.982** | **75,57%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.400.000 | 1.057.982 | 75,57% |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | - |

Основните училишта во 2025 година имаат реализирано средства во износ од 13.585.987,00 денари во буџетот на самофинансирачки активности, додека пак детските градинки реализираа расходи во износ од 33.127.705,00 денари.

| Назив на основно училиште | Реализација на расходи во буџетот на самофинансирачки активности |
|---|---|
| ООУ "Коле Неделковски" | 1.551.031,00 |
| ООУ "Ј.Х.Песталоци" | 1.855.171,00 |
| ООУ "Кочо Рацин" | 1.226.864,00 |
| ООУ "Гоце Делчев" | 1.048.507,00 |
| ООУ "11-ти октомври" | 2.089.839,00 |
| ООУ "Димитар Миладинов" | 2.519.325,00 |
| ООУ "Кирил и Методиј" | 1.253.698,00 |
| ООУ "Киро Глигоров" | 2.041.552,00 |
| **ВКУПНО** | **13.585.987,00** |

| Назив на детска градинка | Реализација на расходи во буџетот на самофинансирачки активности |
|---|---|
| ЈУДГ "13-ти ноември" | 12.848.727,00 |
| ЈУДГ "Кочо Рацин" | 12.404.096,00 |
| ЈУДГ "Р.Ј.Корчагин" | 7.874.882,00 |
| **ВКУПНО** | **33.127.705,00** |

## РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА БЛОК ДОТАЦИИ ПО ПОТПРОГРАМИ

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 354.389.000,00 денари, реализирани се во износ од **353.727.984,00** денари, што претставува 99,81% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Најголем дел од расходите се однесуваат на:

- 340.869.956,00 денари за плати и надоместоци за вработените во основното образование;
- 9.339.785,00 денари за плаќање на обврските на училиштата за користење централно греење, електрична енергија, водовод, ѓубретарина, телефони;
- 278.788,00 денари за набавка на канцелариски материјали, средства за хигиена, наставно-образовни помагала;
- 453.691,00 денари за тековно одржување на објектите на училиштата, поправки и одржување на информатичка и училишна опрема, дезинфекција и дератизација на објектите;
- 539.399,00 денари за превозни услуги, контрола на санитарно-хигиенските услови;
- 263.167,00 денари за расходи за репрезентација и објавување на огласи;
- 1.983.198,00 денари за исплата на јубилејни награди и посмртнини на вработените во основното образование.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **N1** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **354.389.000** | **353.727.984** | **99,81%** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **341.156.000** | **340.869.956** | **99,92%** |
| 401 | Основни плати | 241.520.000 | 241.346.983 | 99,93% |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 93.706.000 | 93.633.901 | 99,92% |
| 404 | Надоместоци | 5.930.000 | 5.889.072 | 99,31% |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **11.129.000** | **10.874.830** | **97,72%** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуниација и транспорт | 9.372.000 | 9.339.785 | 99,66% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 360.000 | 278.788 | 77,44% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 525.000 | 453.691 | 86,42% |
| 425 | Договорни услуги | 569.000 | 539.399 | 94,80% |
| 426 | Други тековни расходи | 303.000 | 263.167 | 86,85% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.104.000** | **1.983.198** | **94,26%** |
| 464 | Разни трансфери | 2.104.000 | 1.983.198 | 94,26% |

Во Потпрограмата **<u>В10 – Детски градинки</u>** планирани се расходи во износ од 198.372.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од **196.769.300,00** денари, што претставува 99,19% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а најголем дел од овие средства се искористени за:

- 175.227.916,00 денари за плати и надоместоци за вработените во детските градинки;
- 13.702.143,00 денари за комунални услуги- електрична енергија, централно греење, вода, ѓубретарина, пошта, телефон;
- 1.139.000,00 денари за набавка на обувки, постелнина, прехранбени продукти во детските градинки, наставно-образовани помагала, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар и материјали за разни поправки;
- 2.464.252,00 денари за одржување на објектите и поправка и одржување на информатичката и друга опрема во градинките; дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- 1.282.659,00 денари за систематски прегледи за вработените, изнајмување на простор;
- 189.392,00 денари се расходи за семинари и објавување огласи;
- 1.817.637,00 денари за плати за дополнително ангажираниот воспитен кадар (воспитувачки и негувателки) во детските градинки и
- 946.301,00 денари за исплата на јубилејни награди на вработените во детските градинки.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **V1** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **198.372.000** | **196.769.300** | **99,19%** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **175.457.000** | **175.227.916** | **99,87%** |
| 401 | Основни плати | 123.780.000 | 123.699.033 | 99,93% |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 48.057.000 | 47.953.585 | 99,78% |
| 404 | Надоместоци | 3.620.000 | 3.575.298 | 98,76% |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **20.825.000** | **20.595.083** | **98,90%** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуниација и транспорт | 13.750.000 | 13.702.143 | 99,65% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.139.000 | 1.139.000 | 100% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 2.551.000 | 2.464.252 | 96,60% |
| 425 | Договорни услуги | 1.323.000 | 1.282.659 | 96,95% |
| 426 | Други тековни расходи | 210.000 | 189.392 | 90,19% |
| 427 | Привремени вработувања | 1.852.000 | 1.817.637 | 98,14% |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.090.000** | **946.301** | **45,28%** |
| 464 | Разни трансфери | 2.090.000 | 946.301 | 45,28% |



Основните училишта во 2025 година имаат реализирано средства во износ од 353.727.984,00 денари во буџетот на блок дотации, додека пак детските градинки реализираа расходи во износ од 196.769.300,00 денари.

| **Назив на основно училиште** | **Реализација на расходи во буџетот на блок дотации** |
|---|---|
| ООУ "Коле Неделковски" | 45.900.579,00 |
| ООУ "Ј.Х.Песталоци" | 51.311.043,00 |
| ООУ "Кочо Рацин" | 43.276.249,00 |
| ООУ "Гоце Делчев" | 34.848.304,00 |
| ООУ "11-ти октомври" | 45.444.819,00 |
| ООУ "Димитар Миладинов" | 48.856.770,00 |
| ООУ "Кирил и Методиј" | 37.437.205,00 |
| ООУ "Киро Глигоров" | 46.653.015,00 |
| **ВКУПНО** | **353.727.984,00** |

| **Назив на детска градинка** | **Реализација на расходи во буџетот на блок дотации** |
|---|---|
| ЈУДГ "13-ти ноември" | 79.775.763,00 |
| ЈУДГ "Кочо Рацин" | 65.400.999,00 |
| ЈУДГ "Р.Ј.Корчагин" | 51.592.538,00 |
| **ВКУПНО** | **196.769.300,00** |

## РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА ДОНАЦИИ ПО ПОТПРОГРАМИ

Во Потпрограмата **Г10 – Поддршка на локалниот економски развој** планирани се расходи во износ од 90.000,00 денари, а реализирани во износ од **79.049,00** денари, што претставува 87,83% од планираните расходи во оваа Потпрограма. Средствата се потрошени за исплата на консултанти ангажирани за реализација на "Еразмус+" проект наменет за апликативно решение за работа со деца со попреченост во училиштата.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| G1 | ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | 90.000 | 79.049 | 87,83% |
| 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 90.000 | 79.049 | 87,83% |
| 464 | Разни трансфери | 90.000 | 79.049 | 87,83% |

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 11.428.000,00 денари, реализирани се во износ од **4.538.429,00** денари, што претставува 39,71% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Во повеќе училишта беа реализирани различни донаторски проекти:




- 1.824.372,00 денари во ООУ "Киро Глигоров" и за реализација на проект во рамки на Еразмус+ програмата и за реализација на проектот "Зелени пораки за Зеленодонија"- правење хартија од трева и рециклирање отпадна хартија со двојна намена за повторна употреба;

- 479.524,00 денари во ООУ "Кирил и Методиј" за реализација на два проекти и тоа: во едниот проект се реализираа средства за купување на канцелариски материјали и наставно- образовни помагала за опремување на библиотека/медиатека. Во рамки на вториот проект беше проследена обука за кодирање и роботика со цел примена на дигитални алатки во образованието, беа обезбедени соодветни материјали за изработка на прирачник за поддршка во наставниот процес, а беа организирани и работилници со ученици и родители, презентации и промотивни активности;
- 2.234.533,00 денари во ООУ "Ј.Х.Песталоци" за реализација на три Еразмус+ проекти кои се однесуваат на организирање на обуки (мобилност) на наставници и ученици, спроведување на тренинзи и состаноци на наставниците за унапредување на образовниот процес и за реализација на еден проект со Светска банка за унапредување на ментално здравје на кадарот, родителите и учениците во училиштето.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **N1** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **11.428.000** | **4.538.429** | **39,71%** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **11.428.000** | **4.538.429** | **39,71%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 4.466.000 | 2.191.649 | 49,07% |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 290.000 | 67.519 | 23,28% |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | - |
| 425 | Договорни услуги | 6.036.000 | 1.774.062 | 29,39% |
| 426 | Други тековни расходи | 636.000 | 505.199 | 79,43% |

Во Потпрограмата **<u>НА0 – Капитални расходи за основно образование</u>** планирани се расходи во износ од 3.479.628,00 денари, а реализирани се во износ од **1.289.476,00** денари, што претставува 37,06% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за:

- 500.000,00 денари за набавка на компјутерска опрема за потребите на ООУ "Кочо Рацин" во рамки на донаторскиот проект со Агенцијата за електронски комуникации;
- 523.176,00 денари за софтвер во библиотека и компјутери во ООУ "Кирил и Методиј"
- 266.300,00 денари за купување на смарт табли во ООУ "Ј.Х.Песталоци" со средства донирани од Светска банка.

| Ставка | Назив на програма/ конто | План | Реализација | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **NA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **3.479.628** | **1.289.476** | **37,06%** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **3.479.628** | **1.289.476** | **37,06%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.225.000 | 1.097.900 | 89,62% |
| 481 | Градежни објекти | 2.058.628 | 0 | 0% |
| 483 | Купување на мебел | 16.000 | 15.576 | 97,35% |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 180.000 | 176.000 | 97,78% |

Основните училишта во 2025 година имаат реализирано средства во вкупен износ од 5.827.905,00 денари во буџетот на донации и тоа:

- ООУ "Ј.Х.Песталоци" – 2.500.833,00 денари;
- ООУ "Кочо Рацин" – 500.000,00 денари;
- ООУ "Кирил и Методиј" – 1.002.700 денари;
- ООУ "Киро Глигоров" – 1.824.372,00 денари.

Општина Центар за проектот Еразмус+ реализираше средства во износ од 79.049,00 денари.

Изготвил: М-р Емил Николовски

## II. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ, КАПИТАЛНИТЕ И БЛОК-ДОТАЦИИТЕ

### 1. Реализација на инвестиционите програми

Во текот на 2025 година, во согласност со донесените програми од Советот, Општина Центар-Скопје реализираше повеќе инвестициони работи.

- По Програма Ф, Потпрограма **ФА – Уредување на градежно земјиште** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **12.372.359,00 денари**, и тоа:

- Реконструкција на ул. "Светозар Марковиќ" во износ од 6.298.793,00 денари;
- Изградба на улица и комунална инфраструктура на на ул. "Тодор Александров" бр. 6,7,8,9,11,12 како дел од Планот на програми за развој во износ од 4.933.895,00 денари;



- Надомест за одземен имот (експропријација) за реализација на јавен интерес во износ од 667.000,00 денари;
- Изработени се геодетски елаборати во износ од 472.671,00 денари;

- Најзначајните капитални вложувања на Општина Центар во 2025 година по **Програмата за комунални дејности** се наменети за реализација на следниве потпрограми:

Во рамките на Потпрограмата **ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** изведени се капитални инвестиции за 2025 година во вкупна вредност од **23.781.294,00 денари**, и тоа:

- Изведена е реконструкција на улици во вкупна вредност од 11.416.502,00 денари за:
    - Реконструкција на ул. " Дебарца " во износ од 8.737.361,00 денари;
    - Реконструкција на ул. " Елисие Поповски- Марко" како дел од Планот на програми за развој во износ од 2.679.141,00 денари;

- Санација на јавни површини на територија на општината во износ од 9.423.287,00 денари;
- Поставување на хоризонтална сообраќајна сигнализација и изведба и одржување на вертикална сообраќајна сигнализација во износ од 1.615.930,00 денари;
- Изработка и ревизија на основни проекти за инфраструктура во износ од 1.003.275,00 денари;
- Изработка на елаборати во износ од 301.060,00 денари и
- Изготвување хидротехнички услови во износ од 21.240,00 денари.



Во рамките на Потпрограмата **ЈМ – Паркови и зеленило** (капитални расходи) во текот на 2025 година изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **15.918.622,00 денари** и тоа за:

- хортикултурно и партерно уредување од паркингот кај Зебра до парк Капиштец во населбата Капиштец во вредност од 13.875.446,00 денари;

- реконструкција на зелени површини на територија на Општина Центар во износ од 2.043.176,00 денари.

Во рамките на Потпрограмата **ЈН – Урбана опрема** (капитални расходи) во текот на 2025 година набавени и монтирани се клупи, канти за отпадоци, држачи за велосипеди и вертикални столбчиња во вредност од **6.441.070,00 денари**.

Во рамките на Потпрограмата **ЈА – Реконструкција и модернизација на јавното осветлување** како дел од Планот на програми за развој во текот на 2025 година за имплементација на систем за административна дигитализација и реконструкција на јавното осветлување потрошени се средства во вредност од **22.415.723,00 денари**.

По Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **123.493.712,00 денари од кои:**

- за санација на спортска сала Работнички како дел од Планот на програми за развој во износ од 108.496.903,00 денари;
- за реконструкција на детски и спортски игралишта на територија на Општина Центар- Скопје 14.996.809,00 денари;



По Потпрограмата **ЕА** – **Капитални трошоци на Општината** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **11.447.390,00 денари**, а се однесуваат на: набавка на нова ИТ опрема, за превентивно и адаптивно одржување на ГИС софтвер, набавка на антивирусни сервер клиент решенија и набавка на лиценци за FireWall уреди.

По Потпрограмата **РА** – **Капитални расходи за заштита на животна средина и природа** реализирани се средства во износ од **6.997.310,00 денари**, а се однесуваат на набавка на мерни сензори за бучава, мобилни уреди и мапирање на бучава.

- Во 2025 година капитални инвестиции во износ од **33.427.397,00 денари**, Општина Центар-скопје ги реализираше во **основните училишта**, и тоа:

  - 8.802.204,00 денари за доградба на училници во ООУ "Коле Неделковски";
  - 7.865.146,00 денари за реконструкција на тоалетите во ООУ "Гоце Делчев";
  - 7.820.584,00 денари за реконструкција на свечена и фискултурна сала во ООУ "Димитар Миладинов";
  - 3.213.016,00 денари за замена на подови и гипсарски работи во ООУ "11-ти Октомври";
  - 3.000.000,00 денари за набавка на персонални компјутери, смарт табли, проектори и држачи за основните училишта на територија на Општина Центар- Скопје;
  - 1.817.731,00 денари за санација на покривот на фискултурната сала во ООУ "Ј.Х.Песталоци";
  - 497.879,00 денари за ограда и поплочување на паркинг во ООУ "Коле Неделковски" и
  - 410.837,00 денари за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа потпрограма.



- Во **детските градинки** во 2025 година изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **283.324,00 денари** кои беа наменети за набавка на смарт табли, проектори и држачи за детските градинки на територија на Општина Центар- Скопје.

## 2. Реализација на блок-дотациите

**Блок-дотациите** од Буџетот на Република Македонија со кои Општина Центар-Скопје ги финансира своите надлежности во основното образование и социјалната и детската заштита за 2025 година изнесуваа вкупно **550.497.284,00 денари**, од кои 353.727.984,00 денари беа наменети за финансирање на надлежноста основно образование и 196.769.300,00 денари за финансирање на надлежноста детска заштита.

- Блок-дотацијата наменета за **основно образование** беше распределена по видови расходи, и тоа: **340.869.956,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **12.858.028,00 денари** за тековно-оперативни трошоци. Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по училиштата се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ООУ „Коле Неделковски" реализирани се трошоци во износ од 1.443.038,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Ј.Х. Песталоци" реализирани се трошоци во износ од 1.868.430,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 1.482.667,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Гоце Делчев" реализирани се трошоци во износ од 1.013.774,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „11 Октомври" реализирани се трошоци во износ од 1.976.979,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Димитар Миладинов" реализирани се трошоци во износ од 1.901.797,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „ Св. Кирил и Методиј" реализирани се трошоци во износ од 1.139.343,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Киро Глигоров" реализирани се трошоци во износ од 2.032.000,00 денари



- Блок-дотацијата наменета за **детските градинки** беше распределена по видови расходи, и тоа: **175.227.916,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **21.541.384,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.
  Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по градинките се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ЈУДГ „13-ти Ноември" реализирани се трошоци во износ од 8.094.046,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 6.863.861,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" реализирани се трошоци во износ од 6.583.477,00 денари.



## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

### ПОБАРУВАЊА

Во 2025 година во сметководствената евиденција на Општина Центар-Скопје се прокнижени и потврдени побарувања врз повеќе основи, и тоа: побарувања врз основа на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и од физички лица, побарувања од закупнини, побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема, побарувања од данок на имот на физички и на правни лица, побарување за комунална такса за фирма, побарување по основа на комунална такса за паркирање и други што имаат учество во приходите што ги остварува Општина Центар-Скопје.

Состојба на средствата и изворите на средствата на 31.12.2025 година е следна:

| | | **Редовни** | **Спорни и сомнителни побарувања** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште** | **11.645.636** | **4.225.645** |
| **2.** | **Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп** | **6.100** | **121.093** |
| **3.** | **Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување на урбана опрема** | | **20.883.720** |
| **4.** | **Побарувања по основа на данок на имот за физички лица** | **98.622.368** | |
| **5.** | **Побарувања по основа на данок на имот за правни лица** | **108.492.341** | |
| **6.** | **Побарувања по основа на комунална такса за истакнување на фирма, односно деловна просторија** | **52.720.194** | |
| **7.** | **Побарувања по основа на комунална такса за паркирање** | **18.839.647** | |
| **Вкупни побарувања** | | **290.326.286** | **25.230.458** |
| **ВКУПНО ПОБАРУВАЊА** | | **315.556.744** | |

- **Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште**

Побарувањата во износ од 11.645.636,00 денари се побарувања од правни и од физички лица со кои Општина Центар-Скопје има склучено договори за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати. Износот од 4.225.645,00 денари се спорни и сомнителни побарувања од претходни години.

- **Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп**

Општина Центар-Скопје им издава деловен простор под закуп на правни лица што изразиле интерес за најмување простор во согласност со нивните деловни потреби. За таа намена Општината има склучено договори за закуп на деловен простор за кои Секторот за финансиски прашања доставува фактури до закупците на месечна основа. Во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2025 година евидентирани се редовни побарувања од закуп на деловен простор во износ од 6.100,00 денари и 121.093,00 денари од спорни и сомнителни побарувања.

- **Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на диоградби и отстранување на урбана опрема**

Побарувањата по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема заклучно со 31.12.2025 година изнесуваат 20.883.720,00 денари од спорни и сомнителни побарувања. Спорните и сомнителни побарувањата по оваа основа се пренесени од претходните години и за поголем дел од нив се води судска постапка за наплата.

- **Побарувања по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма**

Побарувањата по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма се делат меѓу Општината и Градот Скопје и нив ги администрира Градот Скопје. Според добиениот преглед за заеднички побарувања од Градот Скопје, побарувањата по основа на данок на имот од физички лица изнесуваат 98.622.368,00 денари, побарувањата за данок на имот од правни лица изнесуваат 108.492.341,00 денари и побарувањата по основа на комунална такса за фирма изнесуваат 52.720.194,00 денари.

- **Побарувања по основа на комунална такса за паркирање**

Општина Центар-Скопје и Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР" Скопје склучија Договор за регулирање на начинот на исплата на вкупниот долгуван износ по основа на неплатена комунална такса за користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила на територијата на Општина Центар. Побарувањата по основа на комунална такса за паркирање изнесуваат 18.839.647,00 денари.

## ОБВРСКИ

На 31.12.2025 година во сметководството на Општина Центар-Скопје евидентирани се неплатени обврски по фактури и времени ситуации на разни доверители за извршени тековни и инвестициони активности. Вкупниот износ на неплатените обврски изнесуваат 164.810.671,00 денари.

| | **Обврски** | **Износ** |
|---|---|---|
| 1. | Обврски спрема набавувачи | 101.327.960,00 |
| 2. | Обврски по основа на неисплатена плата за декември 2025 година на редовно вработени лица | 7.623.499,00 |
| 3. | Обврски по основа на главнина од кредит | 55.859.212,00 |
| **Вкупно обврски** | | **164.810.671,00 ден.** |

- **Обврски спрема набавувачите**

Тука спаѓаат сите тековни и капитални обврски. Тековно-оперативните обврски се настанати од редовното работење на Општината. Тие ги сочинуваат обврските по основа на неплатени фактури за комунални услуги, како електрична енергија и јавно осветлување, телефонија, канцелариски материјал, членарини и сл. Капиталните обврски се обврски кон набавувачите за започнати или за завршени капитални инвестиции.

- **Обврски по основа на неисплатена плата**

Бруто-платата на редовно вработените во Општината за декември 2025 година во износ од 7.623.499,00 денари.

- **Обврски по основа на главнина од кредит**

Долгорочните обврски по основа на заем, кредит на Општина Центар со состојба на 31.12.2025 година евидентирани се на вкупен износ од 55.859.212,00 денари, и тоа кон: Комерцијална банка во износ од 37.408.293,00 денари кредит за изградба на ООУ „Киро Глигоров" и обврски по долгорочен заем одобрен од Светска банка, подзаем од Министерството за финансии за проектот „Реконструкција на водоводот на ул. "Титовелешка" и реконструкција на детската градинка "Пепелашка" на износ од 18.450.919,00 денари.

## IV. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТСКИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА 2025 ГОДИНА

Во согласност со одредбите од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година, средствата утврдени за постојана (непредвидливи расходи) и тековна резерва се користат со Одлука на Советот, а по исклучок за користење на средствата од тековната резерва, одлучува Градоначалникот. Во 2025 година реализираните средства од резервите се во вкупен износ од 2.155.555,00 денари.

| Р.Бр | Име и презиме и број на Одлука/Решение | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.08-1748/2 од 19.03.2025 година одобрена е парична помош на Црвен Крст на РМ за настраданите граѓани во пожарот во дискотеката во Кочани. | 1.000.000,00 |
| 2. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.08-3717/44 од 04.07.2025 година одобрена е парична помош на Супорт Кочани заради поддршка на Општина Кочани за рехабилитација на настраданите граѓани во пожарот во Кочани и санирање на последиците од трагичниот настан во кој загинаа поголем број на граѓани во пожарот во дискотеката во Кочани. | 1.000.000,00 |
| 3. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.08-1187/34 од 27.02.2025 година одобрени му се парични средства на Раде Лешко заради тешка финансиска состојба. | 111.111,00 |
| 4. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр.09-1187/36 од 27.02.2025 година одобрени ѝ се парични средства на Ангелина Серафимовска заради учество на Форбс 30/50 Самит 2025 година, во Абу Даби. | 44.444,00 |
| | **Вкупно исплатени средства** | **2.155.555,00** |

## V. СОСТОЈБА НА ЖИРО-СМЕТКИ ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2025 ГОДИНА

| Р.Бр. | Сметка | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Состојба на сметка на Буџет на Општина Центар-Скопје | 416.999.654,00 ден. |
| 2. | Состојба на донаторската сметка за проектот "Општина по мерка на граѓаните" | 238.149,00 ден. |
| 3. | Состојба на донаторската сметка за енергетска ефикасност за ООУ "Димитар Миладинов"-Скопје | 1.098.589,00 ден. |
| 4. | Состојба на донаторската сметка за набавка на опрема за одржување на патишта и зеленило | 50.000,00 ден. |
| 5. | Состојба на сметката за трансфери до ОИК | 0,00 ден. |
| 6. | Состојба на сметката за проектот "Општинско-корисна работа" | 0,00 ден. |
| 7. | Состојба на сметката за трансфери од Агенцијата за државни патишта | 0,00 ден. |
| 8. | Состојба на сметката за блок-дотации | 988.035,00 ден. |
| 9. | Состојба на сметка Центар- Орган на Општината | 0,00 ден. |
| 10. | Состојба на сметка за реконструкција на спортска сала "Работнички"-Општина Центар | 2.642.642,00 ден. |
| 11. | Состојба на сметка за реконструкција на Ул. "Дебарца"-Општина Центар | 9.897.639,00 ден. |
| 12. | Состојба на сметка за реконструкција на Ул. "Светозар Марковиќ" - Општина Центар | 16.474.937,00 ден. |
| 13. | Состојба на сметка за просторно, хортикултурно и партерно уредување- Општина Центар | 0,00 ден. |
| 14. | Состојба на сметка -"Проект Еразмус" | 0,00 ден. |
| 15. | Состојба на сметка- "Министерство за животна средина и просторно планирање- фосилни горива" | 0,00 ден. |
| **ВКУПНО** | | **448.389.645,00 ден.** |

## VI. ИЗВЕШТАЈ ОД ОДГОВОРЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција во Општина Центар-Скопје се води во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови приходи и други видови приливи, за расходите и за другите одливи.

Податоците во годишната (завршна сметка ) на Општина Центар-Скопје за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи.

Во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите, нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Центар-Скопје.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Годишен извештај**
**на Општина Центар-Скопје за 2025 година**

Се објавува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2025 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на шестата седница, одржана на 13.3.2026 година.

Бр. 09-1879/37
13.3.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15, 209/18 и “Службен весник на РСМ” бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 И 37/25) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06), Советот на Општина Центар-Скопје на шестата седница, одржана на 13.3.2026 година, усвои

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## на Општина Центар-Скопје за 2025 година

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2025 година.

**Член 2**

Составен дел на Годишниот извештај се:
- Годишна (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје
- Извештај за реализацијата на инвестиционите, капиталните и блок-дотациите
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност
- Извештај за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва
- Извештај за состојбата на жиро- сметките заклучно со 31.12.2025 година
- Извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на Годишната сметка

**Член 3**

Овој Годишен извештај влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1879/36
13.3.2026 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска